Република Македонија
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во Скопје
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје
Бр. 03-486/1
23-05-20 14 год.

АГЕНЦИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-416/1
23.05. 20 14 год.
СКОПЈЕ

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**
Универзитет Св. Кирил и Методиј

**АГЕНЦИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен во Скопје, на 23 Мај 2014 година помеѓу:

1. Универзитет "Св.Кирил и Методиј", Градежен факултет-Скопје(во натамошниот текст - Градежен факултет - Скопје), со адреса на улица Партизански одреди бр.24 Скопје, застапуван од деканот проф. д-р Милорад Јовановски, и
2. Агенција за енергетика на Република Македонија (во натамошен текст Агенција), со адреса на ул. "Орце Николов" 68, 1000, Скопје, застапувана од В.Д. директорот Александар Дуковски,
   во натамошниот текст „Договорни страни".

**Член 1**

Со овој Меморандум за соработка (во натамошниот текст – Меморандум) се утврдува видот и начинот на соработка помеѓу Градежен факултет-Скопје и Агенцијата.

**Член 2**

Носители на активностите се Градежен факултет- Скопје и Агенцијата, а целта е континуиран професионален развој на полето на енергетската ефикасност.

**Член 3**

Градежен факултет-Скопје и Агенцијата ќе обезбедат независна техничка платформа на официјалните веб страни, каде ќе се промовираат заедничките активности, ќе се пласираат информации за студентите, за спроведување на обуки и семинари за енергетска ефикасност и други активности.

Градежен факултет-Скопје ќе обезбеди стручен кадар, простор и техничко-административни капацитети за одржување на обуки, семинари и слични активности, а Агенцијата ќе се стреми да создава и имплементира правила, мерки и активности за зголемување на енергетската ефикасност кај градбите.

**Член 4**

Агенцијата ќе ја промовира соработка со Градежен факултет-Скопје во своите промотивни материјали кои ќе се користат во предавањата, обуките, семинарите и други активности.

## Општа цел

**Член 5**

Општата цел на Меморандумот е преку заемна соработка, разбирање и помош на Договорните страни, да се овозможи навремена и ефикасна подготовка и одржување на различните активности поврзани со енергетската ефикасност.

## Посебна цел

### Член 6

Посебна цел на Меморандумот е преку конкретни предавања, на стручната и пошироката јавност да се пренесат новините во техничките стандарди за проектирање и изведба на енергетски ефиксани објекти како и спроведување на енергетска контрола.

## Облици на соработка

### Член 7

Соработката помеѓу Договорните страни ќе се реализира преку спроведување на конкретни активности како:

- обезбедување на потребни услови за предавања (човечки, просторни, технички, лабораториски и други капацитети);
- определување на заеднички тимови на предавачи;
- спроведување на предавања;
- подготовка и спроведување на заеднички сегашни односно идни иницијативи за активностите на студентите од Градежниот факултет- Скопје, кои ќе бидат од заеднички интерес;

Конкретните облици на соработка во рамките на овој Меморандум ќе се дефинираат со посебни договори помеѓу двете договорни страни.

## Важност на Меморандумот

### Член 8

Меморандумот може да биде отповикан, при што договорната страна која го отповикува Меморандумот, е должна за тоа писмено да ја извести другата договорна страна, со наведување на причините за отповикување на истиот.
Меморандумот ќе се смета за отповикан по истекот на 30 дена од денот на добивање на писменото известување за отповикување.

### Член 9

Овој Меморандум е составен во 4 (четири) примероци, од кој по 2 (два) за секоја договорна страна.

### Член 10

Меморандумот влегува во сила на денот на неговото потпишување.

**Универзитет "Св.Кирил и Методиј"**
**Градежен факултет-Скопје**

**Декан**
**проф. д-р Милорад Јовановски**

**М.П**

**Агенција за енергетика**
**на Република Македонија**

**В.Д.Директор**
**Александар Дуковски**

**М.П**